# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 2/2025
## 26.02.2025 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за ,, Изградба на кружен тек Неготино “ во Општина Неготино**

Се објавува **Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за ,, Изградба на кружен тек Неготино “ во Општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **26.02.2025** година.

**Бр.09- 394/1**
**26.02.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **26.02.2025** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за кофинансирање при имплементација на Проект за „ Изградба на кружен тек Неготино “ во Општина Неготино

### Член 1

Во согласност со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка за Проектот за поврзување на локални патишта број 9034МК и 9210МК и согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за Заем за проектот за поврзување на локални патишта бр. 44-1193/1 од 02.04.2020 година („Службен Весник на РСМ “ бр.33/20) за алоцирање на средства за Општина Неготино обезбеди **803.480,73** евра од кои Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за транспорт ќе објави тендерска постапка за избор на Изведувач за имплементација на проектот **„ Изградба на кружен тек Неготино“** во Општина Неготино.

Со цел целосна реализација на проектот, Општина Неготино дава согласност за кофинансирање на проектот за изведба, односно Општина Неготино ќе ги преземе сите трошоци за реализација на проектот кои ги надминуваат алоцираните средства од одлуката донесена од страна на Владата.

**Член 2**

Согласно предмер-пресметката проценета вредност на проектот не ги надминува алоцираните средства за општината.

**Член 3**

Советот на Општина Неготино дава согласност за кофинансирање на средства во износ од **1.015.881,00** денари односно 10% за дополнителни, непредвидени и вишок на работи доколу се појават во текот на реализација на договорот за имплементација на Проектот **„ Изградба на кружен тек Неготино“,** во Општина Неготино.

Општината потврдува дека средствата ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за 2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето „ **Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр.08-378/3**
**26.02.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за „Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино**

Се објавува **Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за „Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **26.02.2025** година.

**Бр.09- 394/2**
**26.02.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **26.02.2025** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за кофинансирање при имплементација на Проект за „Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино

**Член 1**

Во согласност со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка за Проектот за поврзување на локални патишта број 9034МК и 9210МК и согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за Заем за проектот за поврзување на локални патишта бр. 44-1193/1 од 02.04.2020 година („Службен весник на РСМ “ бр.33/20) за алоцирање на средства за Општина Неготино обезбеди **803.480,73** евра, од кои Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за транспорт ќе објави тендерска постапка за избор на Изведувач за имплементација на проектот „ Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино.

Со цел целосна реализација на проектот, Општина Неготино дава согласност за кофинансирање на проектот за изведба, односно Општина Неготино ќе ги преземе сите трошоци за реализација на проектот кои ги надминуваат алоцираните средства од одлуката донесена од страна на Владата.

**Член 2**

Согласно предмер-пресметката проценета вредност на проектот ги надминува алоцираните средства за општината во износ од **4.187.211,00** денари.

**Член 3**

Советот на Општина Неготино дава согласност за кофинансирање на средства во износ од **1.092.817,00** денари односно 10% за дополнителни, непредвидени и вишок на работи доколу се појават во текот на реализација на договорот за имплементација на Проектот „ Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино.

Општината потврдува дека средствата ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за 2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето „ **Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр.08-378/4**
**26.02.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 2/2025

1. **Заклучок за објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за ,, Изградба на кружен тек Неготино “ во Општина Неготино**
2. **Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за ,, Изградба на кружен тек Неготино “ во Општина Неготино**

3. **Заклучок за објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за „Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино**
4. **Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за „Реконструкција на Улица 1 во Тремник “ во Општина Неготино**